**20261452079**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПАТУВАЊЕ РАБОТНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРУГИ ДРЖАВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ПРЕКУ ПРОЕКТНИ ДОГОВОРИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ СЕЗОНСКИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

Бр. 08-4266/1
24 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Siљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПАТУВАЊЕ РАБОТНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРУГИ ДРЖАВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ПРЕКУ ПРОЕКТНИ ДОГОВОРИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ СЕЗОНСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи („Службен весник на Република Македонија” број 166/12 и 30/16), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 3 во ставот 2 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот 3 зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”, а зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија“.

Во ставот 6 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 3

Во членот 4 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 4

Во член 5 во ставот 4 во воведната реченица зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во алинејата 2 зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Северна Македонија“.

Во алинејата 4 зборовите: „Агенција за вработување на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Агенција за вработување на Република Северна Македонија“.

Во ставот 6 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 5

Во член 7 во ставот 2 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од пет члена, од кои по еден претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Стопанската комора на Северна Македонија.“.

Член 6

Во член 9 во ставот 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 7

Во член 10 во ставот 4 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот 5 зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 8

Во член 11 во ставот 2 во членот 12 и во член 15 во ставот 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 9

Во членот 16 зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 10

Во член 19 во ставовите 1,  2 и  3 во членот 20, во членот 21 и во член 21-а во ставот 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 11

Низ целиот текст на законот, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.